ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Македонија
Градоначалник на Општина Велес
бр.08-6317/1
12.12.2018година
Велес

Врз основа на член 8 од Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски (,,Службен Весник на РМ,, бр.209/18),

Градоначалникот на Општина Велес, објавува

ЈАВЕН ПОВИК

до доверителите на Општина Велес и доверителите на единките корисници основани од Општина Велес, за пријавување на доспеани, а неплатени обврски

Се повикуваат сите доверители на Општина Велес и единките корисници основани од Општина Велес кои имаат доспеани, а неплатени обврски евидентирани во Електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврските заклучно со месец септември 2018 година, да се пријават во Општина Велес со цел спогодбено утврдување на износот на обврските.

Рокот за пријавување на побарувањата изнесува 30 (триесет) дена од денот на објавувањето на Јавниот повик, не сметајќи го денот на објавувањето.

Со Пријавата, во која ќе биде означено дали истата се однесува за Општина Велес или за единките корисници, доверителите се должни да ја достават и следната документација:

- Тековна состојба (за правните лица), не постара од 6 (шест) месеци, во оргинал или копија заверена на нотар,
- Фактура/Ситуација за задолжувањето (аналитичка картица),
- Договор или друг правен основ од каде произлегува побарувањето од доверителот кон Општина Велес.

Документацијата заедно со уредно пополнетата пријава се доставува во оригинал или копија. Доколку документацијата се доставува во копија, веродостојноста на секоја страница подносителот на пријавата ја потврдува со свој потпис и печат.

Пријавата за пријавување на Јавниот повик, подносителите може да ја подигнат од архивата на општината или да ја превземат од web-страната на Општина Велес www.veles.gov.mk

Пријавата со потребаната документација да се достави лично во архивата на Општина Велес (од 7:30 до 15:30 часот секој работен ден) или преку пошта со препорачана пратка на ул,,Панко Брашнар" бр.1 Велес, со назнака „За Јавен повик за пријава на доверители".

По завршувањето на Јавниот повик, Општина Велес ќе ги разгледа пристигнатите пријави и ќе ги извести пријавените доверители за датумот и времето на одржувањето на преговарањето.

Подетални информации, заинтересираните правни субјекти можат да добијат на телефонскиот број 043-232 406, локал 108 – Одделение за финансиски прашања или на електронската адреса : opve@veles.gov.mk.

Пријавите доставени по истекот на рокот, нема да бидат разгледувани.

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

До: ОПШТИНА ВЕЛЕС
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА

П Р И Ј А В А

на побарување согласно Јавниот повик до доверителите на Општина Велес и доверителите на единките корисници основани од општината за пријавување на доспеани, а неплатени побарувања

Име и презиме (назив на фирма):_____

Адреса (седиште): _____

ЕМБГ/ЕДБ: _____

Контакт тел: _____

е-маил: _____

- Документација во прилог: _____
  _____
  _____

- (Како должник се наведува општината или единката корисник)

- (се доставува бараната документација во врска со правниот основ на пријавеното побарување во оригинал или заверена копија)

Велес _____

_____